# АДИНГАКРИЛ

*Еднокомпонентен, еластичен кит на база на акрилатна емулзија*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Се применува за исполнување на работни фуги кај индустриски подови Подинг К, фуги при монтажна градба на објекти, фуги помеѓу бетон-бетон, бетон-дрво, бетон-метал, ѕид-прозор, керамика, стакло, за исполнување на работни фуги кај подови во гаражи, монтажни елементи, фуги помеѓу дрвени елементи и сл.

## СВОЈСТВА

- Густа акрилатна паста;
- Водонепропустлив;
- Не содржи растворувачи;
- За ширина на фуга до 10 mm.
- Одлична атхезија за подлоги од бетон, цигла, гипскартон плочи, керамички плочки, дрво;
- Лесно вградлив;
- Отпорен на раствори на слаби бази и киселини;
- Отпорен на атмосферски влијанија;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|
| Изглед | обоена паста |
| Густина | 1,7 g/cm$^3$ |
| Температура при вградување | 5°C до 35°C |
| Време на сушење (на t=23°C) | |
| -формирање на површински сув филм | 15-30 min |
| -оцврснување | 24-48 часа |
| Издолжување до кинење | |
| на t=70°C | 48% |
| на t=-10°C | 41% |

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА:

Подлогата треба да биде сува, чиста, обезмастена и обеспрашена. При обработка на пукнатини потребно е да се формира минимална ширина на фугата од 4 mm (максимална ширина на фугата до 10 mm) и длабочина од минимум 10 mm во која се вградува китот Адингакрил. Отворањето и оформувањето на фугата се врши по механички пат со сечење со брусалица или сличен алат.

## ВГРАДУВАЊЕ

Картушата се пресекува на горната страна по што се навртува конусниот пластичен врв. Нанесувањето е со рачен пиштол за китови, со рамномерно движење по должината на спојницата. За нанесување на китот во случај кога тој е спакуван во пластични канти се користи челична шпахтла. По сушењето на нанесениот прв слој од китот доаѓа до негово благо вовлекување во внатрешноста на фугата, по што за добивање на рамна површина на фугата со околната површина треба да се нанесе нов слој на кит во фугата.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

| Длабочина на спојница(mm) | Ширина на спојницата (mm) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **4** | **6** | **8** | **10** |
| **5** | 0,04 | 0,06 | 0,075 | 0,09 |
| **10** | 0,075 | 0,110 | 0,150 | 0,180 |
| **15** | 0,110 | 0,165 | 0,220 | 0,270 |
| Потрошувачка на материјал, изразена во kg/m' | | | | |

## СТАНДАРДНИ БОИ

Се произведува во бела, сива, црвена и зелена боја.

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во картуши од 0,4 kg

Во канта од: 4 kg и 20 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална затворена амбалажа. Во суви простории, на температура од минимум 5°C до 35°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба: 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При ненадеен контакт на производот со кожата треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Адингакрил е незапалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингакрил се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.

ХИДРОИЗОЛАЦИИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk